**Известување за концентрација со која Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ од Германија и г.Ричард Гарнер од Австрија ќе стекнат заедничка контрола над Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ од Австрија**

**(предмет бр. 08-63 од 2024 година)**

Согласно член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија" бр.145/10, 136/11, 41/14, 53/16 и 83/18), на ден 13.03.2024 година, до Комисијата за заштита на конкуренцијата е доставено известување за концентрација која се однесува на стекнување на заедничка контрола од страна на Ц Е – Бетајлигунгс-ГмбХ со регистрирана канцеларија на Штифтсбергерштрасе 1, 74172 Некарзулм, Германија и г. Ричард Гарнер (за содружниците на Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ (Gartner Transport Holding GmbH)), австриски државјанин над Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ со регистрирана канцеларија на Линцер Штрасе 40А-4650 Ламбах, Австрија.

**-Ц Е – Бетајлигунгс ГмбХ** е индиректно зависно друштво на Лидл Штифтунг & Ко. Кг (Lidl Stiftung & Co. KG), кое е дел од Шварц Групата (Schwarz Group). Шварц Групата е претежно активна во малопродажба на храна во повеќе од 30 држави преку ланците за трговија на мало ЛИДЛ и Кауфланд. Почнувајќи од 2018 година, Шварц Групата е вклучена во собирањето, сортирањето, обработувањето и рециклирањето на отпад како интегриран давател на услуги во областа на управувањето со отпад преку одделот за управување со отпад ПреЗеро (PreZero). Во рамките на Шварц Групата, Ц Е – Бетајлигунгс ГмбХ е активно во трговијата со и дистрибуцијата на секаков вид на стока, особено на прехранбени и непрехранбени производи, во управувањето со и учеството во друштва кои работат во горенаведената област, како и во обезбедувањето на сите видови на услуги на таквите друштва.

Во Северна Македонија, Шварц Групата е присутна преку едно регистрирано зависно друштво - ЛИДЛ СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ Скопје, со седиште на Бул. Киро Глигоров бр. 2, 3-ти кат, општина Гази Баба, 1000 Скопје, кое во моментот не е активно, но ќе се активира во блиската иднина, односно ќе управува со ЛИДЛ продавниците во Северна Македонија.

**-Ричард Гартнер**, австриски државјанин, е содружник во Гартнер. Нема други деловни активности во Австрија или на друго место, вклучувајќи ја и Северна Македонија.

**-Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ** е владејачко друштво на Гартнер Групата. Гартнер Групата е фамилијарно друштво со седиште во Ламбах, Австрија, и други локации во осум европски држави. Гартнер Групата нуди логистички услуги. Главната активност на Гартнер Групата е домашниот и меѓународниот патен транспорт на стока со камиони и приколки. Дополнително, Групата нуди интермодален транспорт, и на помало ниво, услуги за складирање во постоечка транспортна логистика и клиенти на интермодален транспорт.

Гартнер Транспорт Холдинг ГмбХ нема регистрирани зависни друштва во Северна Македонија, но остварила ограничена продажба од клиент во Северна Македонија.

Релевантниот пазар на стоки, за целите на Предложената трансакција би можел да се дефинира како *пазар за транспортна логистика*.

Врз основа на прелиминарното испитување Комисијата утврди дека предметната концентрација може да потпадне под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата. Сепак конечната одлука по ова прашање е резервирана.

Комисијата ги повикува заинтересираните трети страни да достават забелешки и мислења за оваа концентрација до Комисијата. Забелешките и мислењата на заинтересираните трети страни можат да се испратат на адреса: ул. „Св. Кирил и Методиј“ бр.54, Скопје или по e-mail: kzk@kzk.gov.mk и истите треба да пристигнат до Комисијата во рок од 10 дена од денот на објавување на ова известување.

19.03.2024 година

Скопје